СДСМ
ЦИК-СДСМ

| Примено: | 03.06.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Час: |
| 0209 | 06 | / | / |

ДО

**Социјалдемократски сојуз на Македонија**
-до Централна изборна комисија
-до претседателот Викторија Аврамоска Мадиќ

**ПРЕДМЕТ: ДОСТАВА НА ТЕРК-ИЗЈАВА**

ПОДНЕСЕНО ОД: Јован Деспотовски од Скопје

Почитувани,

Јас долупотпишаниот Јован Деспотовски од Скопје, со живеалиште на ул.Франклин Рузвелт бр.5/11 Скопје-Карпош, како член на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, предлагам до Вас како највисоко тело надлежно за спроведување на внатрепартиските избори закажани за 30.06.2024 година, да ја разгледата терк-Изјавата во прилог и со цел истата да биде вклучена како задолжителен дел од бараните услови, кои се неопходни да бидат исполнети од кандидатите за Претседател на СДСМ, а со прилагање на истата од кандидатите заверена пред надлежен нотар.

Скопје, 02.06.2024

Подносител,

_______________________

Јован Деспотовски

ПРИЛОГ:

-терк-Изјава

# И З Ј А В А

Јас долупотпишаниот/та ______________________________________ од ____________, со живеалиште на ул.________________________________, со ЕМБГ ______________________, водејќи се од највисокиот интерес на партијата и членството, за принципиелност, транспарентност и отчетност, под полна лична и морална одговорност изјавувам дека доколку не бидам избран за Претседател на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија на внатрепартиските избори закажани за 30.06.2024 година, нема да прифатам никаква понудена партиска функција, раководна позиција, заменик претседател, потпретседател, секретар, делегат, или друга позиција, ниту да членувам во орган, комисија, одбор, конференција, организација, и/или сектор во партијата, ниту ќе прифатам било каква функција како на централно така и на локално ниво, со назначување од партијата.

Ќе се залагам и се обврзувам дека ќе дадам придонес во фер и демократски внатрепартиски изборен процес, во кој ќе биде еднакво вреднуван секој глас на активното партиско членство и ќе ја почитувам волјата на гласачите.

Воедно изјавувам дека како член на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и понатаму ќе останам лојален партиски другар, ќе ги почитувам Статутот и останатите акти на партијата, како и ќе ги почитувам и негувам принципите, вредностите, политиките, основните начела и цели за кои се залага партијата и ќе продолжам подеднакво посветено да работам и придонесувам за доброто на членовите, граѓаните и државата.

Скопје, __.06.2024

Изјавата ја дава,

_________________________